Врз основа на член 47 став 1 точка 20-а и 21 и член 64-а од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21, 74/24) и член 10 став 6 од Статутот на Народната банка на Република Северна Македонија Ст. бр. 02-15/IV-1/2011 од 21.04.2011 година, О. бр. 02-15/III-4/2012 од 29.03.2012 година, О. бр. 02-15/II-10/2016 од 25 февруари 2016 година, О. бр. 02-15/XV-3/2018 од 27 септември 2018 година и О. бр. 02-15/VII-5/2019 од 25 јули 2019 година, О бр. 02-15/XIV-1/2022 од 2 септември 2022 година и бр. 02-32963/8 од 5 октомври 2023 година, Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за формирање на Комитетот за ревизија, определување на активностите коишто се во неговиот делокруг на работење и за утврдување на неговиот начин на работа

### I. Општи одредби

1. Со оваа одлука во Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка) се формира Комитетот за ревизија (во натамошниот текст: Комитетот), се определуваат активностите коишто се во неговиот делокруг на работење и се утврдува неговиот начин на работење.

Комитетот за ревизија се формира заради натамошно унапредување на корпоративното управување во Народната банка и за зајакнување на контролните процеси при извршувањето на нејзините активности и законските задачи.

### II. Активности и делокруг на работа на Комитетот

2. Комитетот, преку надгледување на сметководствените политики и финансиското известување на Народната банка, ги оценува соодветноста и ефективноста на целокупниот процес на подготовка на финансиските извештаи на Народната банка и севкупната соодветност на поврзаните обелоденувања. За таа цел, Комитетот:

– ги следи позначајните промени во сметководствените политики и рамката на финансиско известување во Народната банка;
– ги разгледува годишните финансиски извештаи на Народната банка и годишната сметка пред нивното одобрување од Советот на Народната банка;
– на заеднички состанок со надворешниот ревизор, директорот и заменик-директорот на Дирекцијата за финансии, сметководство и контрола, главниот внатрешен ревизор, советникот на гувернерот со познавање/експертиза на Меѓународните стандарди за финансиско известување (во понатамошниот текст: МСФИ) ги дискутира: подготвените финансиски извештаи од аспект на: соодветноста на примената на сметководствените политики, разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања, позначајните тешкотии и усогласувања во текот на ревизијата, како и неусогласените разлики и евентуалните несогласувањата на надворешниот ревизор со раководството на Народната банка, како и Писмото / Извештајот за раководството на Народната банка

за интерните цели со оцена на интерните контроли, деловните процеси и сметководствени прашања, утврдените слабости и недостатоци, вклучувајќи ги и информациските системи за сметководствена евиденција;
- го разгледува Извештајот од надворешниот ревизор за подготвените финансиски извештаи и утврдува дали се во согласност со МСФИ;
- му дава мислење на Советот на Народната банка за предлог ревидираните годишни финансиски извештаи и годишната сметка на Народната банка;
- го следи спроведувањето на препораките дадени од страна на надворешниот ревизор и ги прегледува периодичните известувања од организациските единици во Народната банка за статусот на спроведување на препораките од надворешната ревизија.

3. Комитетот го следи процесот на избор и работата на независното друштво за ревизија и соработува со него за ревизијата на финансиските извештаи на Народната банка, за сите клучни прашања што произлегуваат од ревизијата и какви било материјални слабости во интерните контроли на Народната банка идентификувани од друштвото за ревизија во врска со процесот за финансиското известување, при што:

- го следи процесот на набавка на услуги за надворешна ревизија и оценува дали е во согласност со Политиката за избор на друштво за надворешна ревизија на финансиските извештаи на Народната банка на Република Северна Македонија;
- доставува мислење до Советот за предлогот за избор / неизбор на надворешно друштво за ревизија;
- ги разгледува опфатот, пристапот и планот за работа на надворешната ревизија, вклучително и координацијата со внатрешната ревизија;
- еднаш во годината ја проверува независноста на работењето на друштвото за ревизија и овластените надворешни ревизори, за што пред започнувањето на ревизијата проверува дали се доставени изјавите за независност;
- секоја година го оценува работењето на надворешните ревизори и известува за нивното работење во Годишниот извештај на Комитетот за ревизија. Оценувањето на работата на надворешните ревизори се однесува на начинот на спроведување на ревизијата, нејзината усогласеност со Меѓународните стандарди за ревизија, квалитетот и отвореноста во комуникацијата со надворешните ревизори, независноста на друштвото за ревизија и овластените ревизори, нивната објективност и примената на професионалниот скептицизам, како и на тоа дали ресурсите коишто се ангажирани се доволни;
- во случај работењето на надворешниот ревизор да биде оценето како незадоволително, Комитетот ќе определи и ќе му препорача на Советот на Народната банка да преземе активности, коишто може да вклучат разговор со надворешниот ревизор за да се разрешат прашањата поврзани со извршувањето на ревизијата, како и за замена на членови на ревизорскиот тим;
- ги разгледува причините за евентуално раскинување на договорот и доставува мислење до Советот на Народната банка за раскинување на договорот.

4. Комитетот ги надгледува ефикасноста и ефективноста на работењето на внатрешната ревизија преку надгледување на нејзината работа. За таа цел:

- ги разгледува интерните акти на Народната банка со кои се уредува работењето на внатрешната ревизија и се уверува дека е соодветно поставена во организацијата на Народната банка и доставува мислење до Советот на Народната банка за измена на

интерните акти;

- ги разгледува среднорочната и годишната ревизорска програма за работа и поголемите промени на програмата, пред нивното усвојување од Советот и се уверува дека ги содржат клучните области од аспект на ризиците;
- ги разгледува активностите и ресурсите на внатрешната ревизија и се уверува дека нема неоправдани ограничувања во работењето на внатрешната ревизија;
- ја проверува ефективноста на внатрешната ревизија, вклучувајќи ја усогласеноста на нејзиното работење со Законот на Народната банка на Република Северна Македонија и Меѓународните стандарди на внатрешната ревизија, коишто се прифатени како стандарди за работење на внатрешната ревизија во Република Северна Македонија;
- ги разгледува полугодишните и годишните извештаи за работењето на внатрешната ревизија, значајните наоди и препораки дадени од страна на внатрешната ревизија, како и нивното остварување;
- одржува работни состаноци со главниот внатрешен ревизор за да се разгледаат сите работи за кои Комитетот или внатрешната ревизија оценуваат дека треба заеднички да се разгледаат.

5. Комитетот го надгледува функционирањето на системот на интерни контроли и рамката за управување со ризиците за што:

- треба да ги осознае применетите контролни механизми коишто се однесуваат, пред сè, на сигурноста и контролата на информацискиот систем, контролата на одобрувањето на сметководствените податоци, како и контролата врз усогласеноста на работењето со прописите;
- да контролира дали препораките дадени од внатрешната и надворешната ревизија се применети во работењето на Народната банка;
- ги разгледува извештаите за управување со оперативните ризици на Народната банка.

6. Комитетот ја надгледува соодветноста на правната рамка за усогласеноста на работењето со прописите и ефективноста на процесот на следење на усогласеноста на ниво на Народната банка за што треба:

- да биде запознаен со резултатите од процесот на следење за кои било примери на неусогласеност во областите на одговорностите на Комитетот во согласност со оваа одлука;
- да ги разгледува наодите од државниот ревизор или други регулаторни агенции.

7. Комитетот, при извршувањето на своите активности:

- извршува други активности поврзани со оваа одлука на барање на Советот на Народната банка, во рамките на надлежностите на Комитетот;
- по потреба ја преиспитува соодветноста на оваа одлука и иницира нејзино соодветно доуредување;
- врши проверка на годишна основа, во однос на тоа дали задачите наведени во оваа одлука се исполнети;
- врши самооцена на работењето на Комитетот и на неговите членови, најмалку еднаш годишно.

8. Комитетот го информира Советот на Народната банка во случај на утврдени пропусти

или неправилности во работењето на Народната банка или дава предлози за подобрување на работењето.

9. Комитетот е должен да доставува годишен извештај за својата работа до Советот на Народната банка во врска со активностите што ги спроведува, проблемите на кои наидува и препораките што ги дава.

Резимето на Годишниот извештај за работата на Комитетот, без индивидуалните податоци, се објавува на веб-страницата на Народната банка.

10. Заради спроведување на активностите на Комитетот предвидени во оваа глава, Комитетот има право:

- да побара од тактичките и стратегиските раководители извештаи, податоци и информации потребни за соодветно извршување на неговите одговорности;
- да одржува состаноци со лицата одговорни за контролните процеси во Народната банка и со надворешните ревизори.

**III. Начин на работа на Комитетот**

11. Комитетот работи на седници, коишто се одржуваат најмалку четирипати годишно.

Работата на Комитетот се уредува подетално со Деловник за работа, којшто го донесува претседателот на Комитетот.

**IV. Завршни одредби**

12. Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање на Комитетот за ревизија и утврдување на неговиот делокруг на работа О бр. 02-15/XIX-1/2021 од 3 декември 2021 година.

13. Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

**Бр. 02-23460/8**
**26 јуни 2024 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**